**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-976
19.08 **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-5059/1 од 14.08.2015 година поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради емитување рекламирање во верска служба и проповед, од страна на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, Директорот на Агенцијата на ден 19.08.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, заради извршена повреда на член 99 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 148 став 1 точка 22 и став 2 од истиот Закон, на начин што на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, на 5 јули 2015 година, во верска служба и проповед било емитувано рекламирање.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5059/1 од 14.08.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на

одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за културен идентитет, на 14 август 2015 година, извршила редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, емитуван на 5 јули 2015 година, при што констатирала дека во верска служба и проповед било емитувано рекламирање.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5059/1 од 14.08.2015 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5059/1 од 14.08.2015 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор**
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.10-5059/1 од 14.08.2015 година.

**Доставено до:**
- Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар;
- Управителот на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с.Чегране-Гостивар;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

14.08.2015
10-5059/1

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар

3. **Период опфатен со надзорот:** 5 јули 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 14 август 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар, емитуван на 5 јули 2015 година, **констатирано е прекршување на член 99 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (не е дозволено да се емитува рекламирање и телешопинг во верски служби или проповеди).

| **Наслов на емисија** | **Датум на емитување** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|---|
| | | **Почеток** | **Крај** |
| Илахии (исламски песни), следени со реклами за: Hotel Royal Aqua Park-Тетово, Restaurant Contrast-Слатино, Тетово и други фирми. | 5.07.2015 | 20:16:00 | 20:21:33 |
| Проповед од оџата д-р Зеќирја Бајрами | | 20:21:33 | 21:00:31 |

**Опис на прекршувањето**

Во верската програмска содржина, составена од илахии (верски песни) и проповед, спротивно на член 99 став 6 од Законот се емитува рекламирање. При емитувањето на илахиите во кадарот доминираат објектите и услугите на хотелот Hotel Royal Aqua Park-Тетово и на ресторанот Restaurant Contrast-Слатино, Тетово, а на поделен екран се појавуваат цела листа на брендови од фирми (Vitamin Aga, Regal, Besa Reisen, Xhan, AG Motors, TeLindi, IR&FA, BT, Liri Group, Restaurant Gryka, Golec Trans, Misimi Company, Dr. Anife, Pallma Mall…). Додека во рамките на проповедта се емитуваат следните (pop-up) реклами: Misimi Company, Mega Light, M&Z Company од 20:22:37 до 20:23:16, односно од 20:55:39 до 20:56:37.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 99 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар, емитуван на 5 јули 2015 година, во верска служба и проповед се емитува рекламирање.

9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене ТРД ТВ ЧЕГРАНИ-МЕДИА ДООЕЛ с. Чегране-Гостивар и согласно точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-2760/1 од 06.04.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи

своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 99 став 6 од Законот, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***